Архивски број: 08-460
17-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-460/1 од 14.08.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје за заштита од дискриминација врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, против Агенција за храна и ветеринарство и [redacted] вработени во Агенција за храна и ветеринарство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 17.08.2023 години, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-460/1 од 14.08.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

О б р а з л о ж е н и е

На 14.08.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted], со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните одниси, против Агенција за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: АХВ) и [redacted] вработени во Агенција за храна и ветеринарство.

Подносителот во претставката наведува дека на 09.02.2023 година е одржан секторски колегиум свикан од страна на [redacted] Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, каде единствена точка на дневен ред бил подносителот и пред целиот колегиум бил окарактеризиран како неработник кој одбива работни задачи, при што се почувствувал омаловажен и понижен.

На 13.02.2023 година подносителот поднел пријава за вознемирување на работно место против неговиот претпоставен [redacted] При што тој на 14.02.2023 година со допис од позиција на нивен претпоставен од сите вработени кои биле присутни на колегиумот побарал поединечни писмени изјави во кои ќе опишат со кој негов збор, постапка, гестикулација или на било кој друг начин го омаловажил или понижил подносителот на претставката.

Подносителот на 15.06,2023 година со допис се обратил до сите колеги поединечно, од причина што изјавите се однесуваат лично за него, да му достават примерок од истите. Од сите присутни, само двајца колеги ги доставиле изјавите до подносителот, додека останатите [redacted] се уште ги немаат доставено изјавите.

На 06.04.2023 година подносителот со допис се обратил до АХВ со цел да му ги достават предметните изјави, при што му било укажано дека истите треба да ги побара од неговиот претпоставен, кој воедно е и барател на изјавите. Подносителот на 07.04.2023 година со допис се обратил до [redacted] кој со допис на 27.04.2023 му одговорил дека нема да ги достави изјавите со образложение дека единствено подносителот не му ја доставил бараната изјава.

Дополнително, во врска со наводите дека единствено тој не доставил изјава, се обратил до АХВ да му дадат информација дали е вистинит фактот дека само тој не ја доставил бараната изјава, при што не добил одговор.

Подносителот наведува дека до АХВ има поднесено Барање за пристап на информации од јавен карактер за што во моментов има поднесено тужба за поведување на управен спор.

По разгледувањето на списите од предметот Комисијата одлучи дека постапувањето по истиот не спаѓа во рамките на законски утврдените надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација *("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020 од 30.10.2020)* *дискриминацијата се дефинира како „секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други."*
Членот 5 од истиот закон, ги утврдува дискриминаторските основи, и тоа:„ *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*
Согласно член 10 од овој закон, вознемирувањето е јасно дефинирано како *"несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација туку за можни повреди на правата на подносителот уредени со Законот за заштита од вознемирување на работно место ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 79/2013; 147/2015; 103/2021 од 08.06.2013), или некој друг закон.
Во смисла на горенаведеното, согласно член 18 став (1) од Законот за заштита од вознемирување на работно место:
*„Вработениот или лицето ангажирано со договор кој учествува во работата кај работодавачот, кој смета дека е изложено на вознемирување, пред поднесувањето на тужба пред надлежен суд поднесува писмено барање за заштита од вознемирување на работно место до работодавачот, согласно со овој закон"*, додека пак, во член 31 став (1) од истиот Закон е уредено дека:
*„Вработениот кој смета дека е изложен на вознемирување на работно место, а кој не е задоволен од исходот на постапката за заштита од вознемирување на работно место кај работодавачот, може да поднесе тужба до надлежниот суд."*

Врз основа на изнесеното, а земени предвид надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои се јасно утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, се одлучи како што е наведено во диспозитивот.

Скопје,
17.08.2023година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива